РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ

Сектор за макроекономска политика



# КРАТКОРОЧНИ ЕКОНОМСКИ ДВИЖЕЊА

ноември, 2017 година

## СОДРЖИНА

Резиме ....2

I. Реален сектор

Индустриско производство ....3

Број на работници во индустријата ....5

Деловни тенденции во преработувачката индустрија ....5

Број на издадени одобренија за градење и предвидена вредност на објектите ....6

Инфлација ....6

Берзански цени ....8

2. Надворешно-трговска размена

Извоз ....9

Увоз ....10

Салдо на трговска размена .... 11

Валутна структура .... 11

3. Фискален сектор

Буџетски приходи според економската класификација ....12

Приходи по буџетски корисници ....14

Буџетски расходи според економската класификација ....15

Расходи по буџетски корисници ....16

Буџетско салдо ....18

4. Социјален сектор

Нововработени и регистрирани невработени лица во АВРМ ....18

Плати ....19

Пензии ....20

5. Монетарен сектор

Примарни пари ....21

Депозитен потенцијал ....21

Кредити на банките ....22

Каматни стапки на депозитни банки ....22

Пазар на капитал .... 23

Девизни резерви .... 23

# Р Е З И М Е

## НА НАЈВАЖНИТЕ КРАТКОРОЧНИ ЕКОНОМСКИ ДВИЖЕЊА

ноември, 2017 година

- Индустриското производство во ноември 2017 година во споредба со ноември 2016 година забележа раст од 4,1%;

- Потрошувачките цени во ноември 2017 година се зголемија за 2,2% во однос на ноември 2016 година, по годишниот раст од 1,8% во октомври 2017 година;

- Во периодот јануари – ноември 2017 година извозот забележа раст од 16,8%, а увозот од 12,4%, што резултираше со зголемување на трговскиот дефицит за 1,4%, споредено со истиот период од 2016 година;

- Вкупните приходи на Буџетот во периодот јануари – ноември 2017 година изнесуваа 160.711 милиони денари, односно 25,2% од БДП, што претставува поголемо остварување за 4,6% во однос на истиот период од 2016 година;

- Вкупните расходи на Буџетот во периодот јануари – ноември 2017 година изнесуваа 173.895 милиони денари, односно 27,6% од БДП, што е за 3,9% повеќе во однос на истиот период лани;

- Вкупните кредити на банките во ноември 2017 година се зголемија за 5,6% во споредба со ноември 2016 година, а вкупниот депозитен потенцијал на банките оствари раст од 5,7%.

# 1. РЕАЛЕН СЕКТОР

## Индустриско производство

Во ноември 2017 година индустриското производство забележа раст од 4,1% во споредба со ноември 2016 година. Растот во целост се должи на зголемувањето на производството во секторот Преработувачка индустрија од 5,7% и вкупен придонес во растот од 4,7 п.п., но делумно е неутрализиран од падот во секторот Снабдување со ел. енергија, гас, пареа и климатизација од 4,9% и негативен придонес од 0,4 п.п.. Производството во секторот Рударство и вадење камен остана непроменето.




Анализирано по гранките кои ги сочинуваат индустриските сектори, раст е забележан кај 14 од вкупно 27 гранки кои учествуваат со 54,7% во структурата на индустриското производство. Од нив, дури 11 бележат двоцифрен раст, вклучувајќи ги и гранките за производство на високотехнолошки производи, како транспортна и електрична опрема, компјутерски, електронски и оптички производи, фабрикувани метални производи, моторни возила и машини и уреди. Притоа, само растот кај производството на електрична опрема од 54,8% (придонес од 2,7%) сочинува околу 65% од растот на вкупното индустриско производство. По неколкумесечна промена на производството во спротивна насока, раст е забележан кај обете гранки со двоцифрено учество, и тоа: раст од 19,7% кај производството на машини и уреди (придонес од 2,2 п.п.) и раст од 2,7% кај производството на прехранбени производи (придонес од 0,3 п.п.).




Поделбата на индустриското производство по наменски групи укажува дека растот во најголема мера се должи на зголеменото производство во групата Капитални производи од 25,4% (придонес од 5,1 п.п.), но истиот е поддржан и од растот во групите Трајни производи за широка потрошувачка од 55,6% (придонес од

1,9 п.п.) и Интермедијарни производи, освен енергија од 2,5% (придонес од 0,8 п.п.). Сепак, кај групата Нетрајни производи за широка потрошувачка како група со најголемо учество во структурата е забележано намалување на производството од 7,9%, што придонесува кон ограничување на растот на индустриското производство за 2,8 п.п.. Пад на производството е забележан и во групата Енергија од 2,0% (придонес од -0,2 п.п.).

Согласно кумулативните податоци за движењето на индустриското производство во периодот јануари – ноември 2017 година, индустриското производство бележи раст од 0,5%, што во целост се должи на зголеменото производство во секторот Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација од 9,3% и придонес од 0,7 п.п. и истиот е неутрализиран со падот во секторите Преработувачка индустрија од 0,1% и негативен придонес од 0,1 п.п., како и Рударство и вадење камен од 2,1% и негативен придонес од 0,2 п.п..

Графикон 1.3а. Гранки со најголем позитивен придонес во раст за месецот




Графикон 1.3б. Гранки со најголем негативен придонес во раст за месецот




Во рамки на поделбата по гранки кои ги сочинуваат секторите, раст е забележан кај 14 од вкупно 27 гранки кои сочинуваат 58,1% во структурата на индустриското производство, што укажува на тоа дека гранките со раст на производството во просек имаат и поголемо учество од оние кај кои е забележан пад. Кај гранките со двоцифрено учество во структурата, производството на машини и уреди бележи раст од 12,2% (придонес од 1,3 п.п.), додека производството на прехранбени производи бележи пад од 2,8% (придонес од -0,3 п.п.).

Анализирано по наменски групи, растот главно е резултат на зголеменото производство во групата Капитални производи од 6,8% и придонес од 1,4 п.п., но истиот во целост е неутрализиран со падот во групата Нетрајни производи за широка потрошувачка од 4,0% и негативен придонес од исто така 1,4 п.п.. Кај останатите групи, раст има кај групата Енергија од 7,3% (придонес од 0,7 п.п.), пад кај групата Интермедијарни производи, освен енергија од 0,7% (придонес од -0,2 п.п.), а производството во групата Трајни производи за широка потрошувачка е непроменето.

## Број на работници во индустријата

Бројот на работници во индустријата на годишно ниво во ноември 2017 година забележа раст од 4,7%. Растот се должи исклучиво на зголемениот број работници во секторот Преработувачка индустрија од 5,4%, додека во секторите Рударство и вадење камен и Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација е забележан пад од 1,1% односно 0,6%.

На кумулативна основа, бројот на работници во индустријата во периодот јануари – ноември 2017 во споредба со истиот период во 2016 година е зголемен за 2,1%. Раст е забележан во секторот Преработувачка индустрија од 2,4%, додека секторот Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација забележа пад од 0,6%. Бројот на работници во секторот Рударство и вадење камен е непроменет.

Графикон 1.4. Стапка на раст на бројот на работници и продуктивноста во индустријата; Извор: ДЗС и пресметки на МФ




Податоците за бројот на работници во индустријата по наменски групи во ноември 2017 година во однос на истиот период минатата година покажуваат дека зголемување на бројот на работници има кај групите: Капитални производи од 15,0%, Интермедијарни производи, освен енергија од 12,9% и Трајни производи за широка потрошувачка од 2,4%. Пад е забележан во групите Нетрајни производи за широка потрошувачка од 1,2% и Енергија од 0,8%.

На кумулативна основа, во периодот јануари – ноември 2017 во однос на истиот период во 2016 година, раст на бројот на работници е забележан во групите: Капитални производи од 11,6%, Интермедијарни производи, освен енергија од 6,5%, Трајни производи за широка потрошувачка од 3,3% и Енергија од 0,3%. Намалување на бројот на работници е забележан единствено во групата Нетрајни производи за широка потрошувачка од 2,3%.

## Деловни тенденции во преработувачката индустрија

Економската состојба на деловните субјекти во ноември 2017 година е поповолна во однос на претходниот месец, како и во однос на ноември 2016 година.

Просечното искористување на капацитетите на деловните субјекти во ноември изнесува 66,6%, што претставува зголемување во однос на октомври 2017 година, кога изнесувало 66,1%. Споредено со истиот месец од 2016 година, искористеноста на капацитетите е повисока за 0,5 п.п..

Најголемо влијание врз ограничувањето на обемот на производството во ноември 2017 година имаат следните фактори: недоволната странска побарувачка со 21,0%, недостигот на квалификувана работна сила со 20,3%, недоволната домашна

побарувачка со 18,4%, неизвесното економско окружување со 11,6%, финансиските проблеми со 9,2% и конкурентниот увоз со 7,3%.

Состојбата на обезбеденоста на производството со порачки во ноември во однос на претходниот месец е поповолна, очекувањата за обемот на производството во наредните три месеци се понеповолни споредено со октомври 2017 година, а залихите на готови производи на месечно ниво се непроменети.

## Број на издадени одобренија за градење и предвидена вредност на објектите

Во ноември 2017 година издадени се вкупно 229 одобренија за градење, што претставува пад од 36,9% во однос на истиот месец претходната година. Во однос на октомври 2017 година, кога биле издадени 400 одобренија за градење, бројот на издадени одобренија за градење се намалил за 42,8%. Предвидената вредност на објектите според издадените одобренија за градење во ноември 2017 година бележи пад на годишно ниво од 72,9%. Споредено со претходниот месец, вредноста на објектите е намалена за 59,1%.

Графикон 1.5. Број на издадени одобренија за градење и предвидена вредност на работите; Извор: ДЗС




Графикон 1.6. Број на издадени одобренија за градење по региони, во ноември 2017 година; Извор: ДЗС




Анализирано по видови објекти, од вкупниот број издадени одобренија за градење, 140 (или 61,1%) се наменети за објекти од високоградба, 16 (или 7,0%) за објекти од нискоградба и 73 (или 31,9%) за објекти за реконструкција.

Анализирано по типови инвеститори, од вкупно 229 издадени одобренија за градба, на 168 објекти (или 73,4%) како инвеститори се јавуваат физички лица, а на 61 објект (или 26,6%) инвеститори се деловни субјекти.

Во ноември 2017 година предвидена е изградба на 306 станови, со вкупна корисна површина од 29.819м$^2$. Бројот на предвидени станови за изградба на месечна основа е намален за 67,1%, а во однос на ноември 2016 година за 68,9%.

## Инфлација

Потрошувачките цени во ноември 2017 година се зголемија за 2,2% во однос на ноември 2016 година, по годишниот раст од 1,8% во октомври 2017 година.

Просечната стапка на инфлација во периодот јануари-ноември 2017 година изнесува 1,3%.

Категоријата Храна и безалкохолни пијалаци, која има најголемо учество при пресметката на Индексот на трошоците на животот, во ноември забележа годишен раст на цените од 1,6%, при што највисок раст имаа цените на овошјето (за 10%) и кафе, чај и какао (за 6%).

Графикон 1.7. Стапка на инфлација; Извор: ДЗС




Највисок годишен раст на цените во ноември 2017 година е забележан во категоријата Комуникации од 9,5%, следена со порастот на цените во категориите: Транспорт од 7,9%, Алкохолни пијалаци, тутун и наркотици од 6,8%, Ресторани и хотели од 3,9%, Рекреација и култура од 3,1%, Облека и обувки од 0,6% и Домување, вода, електрика, гас и други горива од 0,2%.

Годишен пад на цените во ноември е регистриран во категориите: Останати стоки и услуги од 0,7%, Здравје од 0,5% и Образование од 0,2%. Цените во категоријата Мебел, покуќнина и одржување на покуќнина останаа непроменети.

Графикон 1.8. Придонеси кон годишната стапка на инфлација (во п.п.); Извор: Пресметки на МФ врз основа на податоци од ДЗС




Потрошувачките цени во ноември 2017 година се зголемија за 0,2% во однос на претходниот месец. Притоа, раст на цените на месечна основа е регистриран во категориите: Облека и обувки, Транспорт и Рекреација и култура од по 0,5%, Здравје од 0,4%, Алкохолни пијалаци, тутун и наркотици и Мебел, покуќнина и одржување на покуќнина од по 0,3%, Домување, вода, електрика, гас и други горива, Комуникации од по 0,2% и Ресторани и хотели од 0,1%.

Цените во категориите Храна и безалкохолни пијалаци, Останати стоки и услуги и Образование останаа непроменети.

Цените на мало во ноември 2017 година во однос на истиот месец претходната година се зголемени за 4,6%, а на месечна основа се зголемени за 0,2%. Цените на мало во периодот јануари-ноември 2017 година се повисоки за 3,0%.

## Берзански цени

Цената на суровата нафта (Brent) на светските берзи во ноември 2017 година споредено со претходниот месец се зголеми за 8,6% и изнесуваше 62,6 долари за барел. Во однос на ноември 2016 година, цената на нафтата пораснала за 34,7%. Цената на природниот гас во ноември 2017 година се зголемила за 1,8% на месечна основа.

Графикон 1.9. Сурова нафта (Brent) - Цена и стапка на раст; Извор: Светска банка и пресметки на МФ




Што се однесува до металните производи, никелот како значаен извозен производ, во ноември 2017 година се тргуваше со просечна цена од 11.972 долара за еден метрички тон ($/мт) и во однос на октомври 2017 година бележи раст на цената од 5,6%. Споредено со истиот месец од 2016 година, цената на никелот се зголемила за 7,6%. Покрај никелот, месечен раст на цената во ноември забележа и бакарот од 0,3%, додека цените на останатите основни метали на месечна основа се намалиле. Така, цената на калајот бележи пад од 4,0%, на алуминиумот од 1,6%, на оловото од 1,5% и на цинкот од 1,1%.

Графикон 1.10. Берзански цени на метали, во долари; Извор: Светска банка




Кај благородните метали во ноември 2017 година во однос на

претходниот месец се бележи раст на цената. Така, цената на платината се зголемила за 1,4%, а на среброто и златото за по 0,2%.

Цената на пченицата на светските берзи во ноември 2017 година споредено со октомври истата година се зголемила за 2,3%, а на пченката за 0,1%. Цената на јагнешкото месо во ноември на месечна основа пораснала за 0,1%.

# 2. НАДВОРЕШНОТРГОВСКА РАЗМЕНА

Вкупната надворешнотрговска размена во првите единаесет месеци од 2017 година изнесува 10.785,3 милиони евра, што претставува раст од 14,2% во однос на истиот период минатата година.

Графикон 2.1 Надворешна трговија во периодот јануари - ноември во 2016 и 2017 година; Извор: ДЗС




Во периодот јануари – ноември 2017 година најголемо учество во вкупната размена има размената на Република Македонија со Европската унија (ЕУ 28), кое изнесува 70,6%, што претставува зголемување од 0,8 п.п. во однос на истиот период претходната година.

## Извоз

Вредноста на извезените стоки во периодот јануари - ноември 2017 година изнесува 4.588,1 милион евра и бележи раст од 16,8% (660,1 милион евра) во однос на истиот период во 2016 година, а физичкиот обем на извозот бележи раст од 13,6%.

Вредноста на извезените стоки во ноември 2017 година изнесува 435,3 милиони евра и бележи раст од 23,6% (83,3 милиони евра) во однос на истиот месец претходната година, а физичкиот обем на извозот се зголемил за 17,5%.

Графикон 2.2 Структура на извозот по СМТК, во периодот јануари - ноември 2017 година;
Извор: ДЗС




Анализирано на месечно ниво, во ноември 2017 година извозот бележи пад од 7,4% (34,9 милиони евра) во однос на претходниот месец, а доколку се изврши сезонско прилагодување на извозот, истиот регистрира месечен пад од 3,8%.

Главни групи производи (според СМТК) со најголемо учество во извозот во периодот јануари – ноември 2017 година се: хемиски материи и производи, облека, железо и челик, метална руда и отпадоци од метал, пијалаци и тутун и нафта и производи од нафта. Овие шест групи производи сочинуваат 48,2% од вкупниот извоз на државата.




Анализирано според економските групации на земјите, во периодот јануари – ноември 2017 година споредено со истиот период од 2016 година, извозот бележи раст кај сите групации: ЕУ 28, ЕФТА, Организација на земјите - извознички на нафта и нафтени деривати, Западен Балкан, Северноамериканска зона на слободна трговија, Организација за економска соработка на земји од Азиско - пацифичкиот регион и Заедница на независни држави. Извозот во ЕУ 28 бележи раст од 18,2% на годишно ниво, а кај земјите од Западен Балкан истиот бележи раст од 10,9%, при што извозот на стоки во ЕУ 28 и земјите од Западен Балкан во вкупниот извоз на Република Македонија учествува со 81,2% и 11,7%, соодветно.

## Увоз

Вредноста на увезените стоки во периодот јануари – ноември 2017 година изнесува 6.197,2 милиона евра и бележи раст од 12,4% (683,0 милиони евра) во однос на истиот период од 2016 година, а физичкиот обем на увозот бележи раст од 1,1%.

Вредноста на увозот во ноември 2017 година изнесува 619,9 милиони евра, што претставува раст од 17,8% (93,8 милиони евра) во однос на истиот месец од 2016 година, а увезените количини на стоки се намалени за 10,3%.




Анализирано на месечно ниво, во ноември 2017 година увозот бележи пад од 0,5% (3,0 милиони евра) во однос на претходниот месец, а доколку се изврши сезонско прилагодување на увозот, истиот регистрира месечен раст од 3,6%.

Табела 2.1. Преглед на извозот и увозот на селектирани групи на производи

| Извоз на нафта и производи од нафта*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I - XI - 2016 | I - XI - 2017 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 93,9 | 107,2 | 13,3 | 14,1 |
| Мил. ЕУР | 34,0 | 49,2 | 15,2 | 44,7 |
| Мил.$ | 37,8 | 44,7 | 6,9 | 18,2 |

| Увоз на нафта и производи од нафта*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I - XI - 2016 | I - XI - 2017 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 955,7 | 922,2 | -33,6 | -3,5 |
| Мил. ЕУР | 338,3 | 402,6 | 64,4 | 19,0 |
| Мил.$ | 376,0 | 453,6 | 77,7 | 20,7 |

*)Претходни податоци

| Извоз на хемиски производи*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I - XI - 2016 | I - XI - 2017 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 15,0 | 33,7 | 18,7 | 124,9 |
| Мил. ЕУР | 809,8 | 1.080,8 | 271,0 | 33,5 |
| Мил.$ | 899,9 | 964,8 | 64,9 | 7,2 |

| Увоз на хемиски производи*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I - XI - 2016 | I - XI - 2017 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 28,2 | 28,0 | -0,3 | -0,9 |
| Мил. ЕУР | 151,5 | 164,4 | 12,9 | 8,5 |
| Мил.$ | 168,6 | 184,8 | 16,2 | 9,6 |

*)Претходни податоци

| Извоз на железо и челик *) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I - XI - 2016 | I - XI - 2017 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 582,3 | 639,7 | 57,5 | 9,9 |
| Мил. ЕУР | 367,4 | 459,7 | 92,3 | 25,1 |
| Мил.$ | 408,4 | 417,9 | 9,5 | 2,3 |

| Увоз на железо и челик*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I - XI - 2016 | I - XI - 2017 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 721,0 | 670,6 | -50,4 | -7,0 |
| Мил. ЕУР | 286,1 | 342,9 | 56,8 | 19,9 |
| Мил.$ | 318,1 | 386,3 | 68,2 | 21,4 |

*)Претходни податоци

## Салдо на трговска размена

Во првите единаесет месеци од 2017 година, трговскиот дефицит се зголеми за 1,4% односно 22,9 милиони евра споредено со истиот период минатата година.

Графикон 2.5 Надворешно трговска размена на РМ (во милиони евра); Извор: ДЗС




Во ноември 2017 година трговскиот дефицит се зголеми за 6,1% односно 10,6 милиони евра споредено со ноември 2016 година.

Доколку салдото на извозот и увозот на стоки го анализираме по економска намена, зголемувањето на дефицитот е резултат од проширувањето на негативното салдо во размената со горива и мазива и храна и пијалаци. Од друга страна, кон намалување на дефицитот дејствуваше стеснувањето на негативното салдо во размената со индустриски набавки и стоки за инвестиции без транспортна опрема, како и проширувањето на позитивното салдо во размената со транспортна опрема и стоки за широка потрошувачка.

Во периодот јануари – ноември 2017 година 88,8% од трговскиот дефицит на земјата е остварен во размената со Велика Британија, Грција, Кина и Србија, а потоа следуваат: Турција, Јужна Африка, Италија, Полска, САД, Унгарија и други. Суфицит е остварен во размената со Германија, Косово, Белгија, Шпанија и Бугарија.

## Валутна структура

Гледано по валутна структура 99,3% од трговската размена во периодот јануари – ноември 2017 година е реализирана во евра, што во однос на истиот период од 2016 година претставува зголемување од 0,2 п.п.. На страната на извозот и увозот, еврото е застапено со 99,6% и 99,0%, соодветно, при што застапеноста на еврото во извозот е зголемена за 0,1 п.п., додека кај увозот е зголемена за 0,2 п.п. во однос на

периодот јануари – ноември 2016 година.

Табела 2.2 Надворешно трговска размена на Република Македонија (по валути); пресметки на МФ

| увоз | I - XI - 2016 | | | | | I - XI - 2017 | | | | | апсолутна промена во валутна вредност | релативна промена во валутна вредност (во%) |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| валута | колич. 000 t | увоз во валута | просечен курс на денарот во однос на валутите | увоз во денари | структ. во% | колич. 000 т | увоз во валута | просечен курс на денарот во однос на валутите | увоз во денари | структ. во% | | |
| ЕУР | 4.060,3 | 4.524.566.568 | 61,6054 | 278.737.733.278 | 98,8 | 4.108,0 | 5.170.648.853 | 61,5755 | 318.385.288.463 | 99,0 | 646.082.285 | 14,3 |
| УСД | 1.440,0 | 1.041.957.539 | 55,4379 | 57.763.937.844 | 20,5 | 1.454,8 | 1.094.670.821 | 54,8914 | 60.088.013.906 | 18,7 | 52.713.282 | 5,1 |
| ГБП | 5,2 | 17.934.643 | 75,7291 | 1.358.174.347 | 0,5 | 4,7 | 21.865.128 | 70,3463 | 1.538.130.824 | 0,5 | 3.930.485 | 21,9 |
| ЕУР+УСД+ГБП | 5.505,4 | | | 337.859.845.469 | 119,3 | 5.567,5 | | | 380.011.433.193 | 118,2 | | |
| вк извоз: | 4.078,3 | | | 282.035.113.291 | 100,0 | 4.125,9 | | | 321.537.063.706 | 100,0 | | 14,0 |

Извор: Државен завод за статистика и НБРМ

# *3. ФИСКАЛЕН СЕКТОР*

## Буџетски приходи според економската класификација

Вкупните приходи на Буџетот во периодот јануари – ноември 2017 година изнесуваа 160.711 милиони денари, односно 25,5% од БДП, што претставува поголемо остварување за 4,6% во однос на истиот период од 2016 година.

Даночните приходи во наведениот период се реализирани во износ од 93.727 милиони денари, односно 14,9% од БДП и во однос на истиот период претходната година се зголемени за 4,0%.

Графикон 3.1.Одделни категории приходи (во милиони денари);

Извор: МФ




Данокот на додадена вредност е остварен во износ од 43.389 милиони денари, што претставува зголемување за 1,3% во однос на минатата година, со доминантно учеството во вкупните даночни приходи од 46,3%. Притоа, ДДВ е наплатен во бруто износ од 62.738 милиони денари, од кои на даночните обврзници им е извршен поврат во износ од 19.350 милиони денари (бруто наплатата е повисока за 5,4%, додека повратот по основ на ДДВ е повисок за 16,2% споредено со истиот период 2016 година што претставува значително зголемување). Во структурата на ДДВ најголемо е учеството на ДДВ при увоз кој забележува поголемо остварување за 10,4% додека ДДВ од прометот во земјата забележа намалување од 2,7%. ДДВ од донации, чие учество е незначително, забележа помало остварување за 11,6%.

Акцизите се остварени во износ од 21.404 милиони денари (учество од 22,8% во даночните приходи), што претставува зголемување од 5,3%. Така, од овие два индиректни данока остварени се приходи од 64.793 милиони денари, односно 69,1% од вкупните даночни приходи во овој период од 2017 година.

Приходите од персоналниот данок се остварени во износ од 13.210 милиони денари и забележуваат раст од 7,0% на годишна основа, при што 2/3 односно 65,9% од персоналниот данок претставува приходот од данокот на плати и други лични примања, 8,3% од приходи од капитал, 7,0% од приходи од игри на среќа и наградни игри, 6,3% од приходи по основ на договор на дело, 3,3% од приходи од имот и имотни права и 1,6% од приходи од земјоделство и шумарство. Приходите од данокот на добивка во овој единаесетмесечен период од 2017 година изнесуваа 10.588 милиони денари и забележаа поголемо остварување за 8,9% во однос на истиот период претходната година, што е главно резултат на данокот наплатен по основ на месечни аконтации (зголемување од 14,7%), дивиденда и друга распределба (зголемување од 16,3%) и на задржаниот данок за странски правни лица (зголемување од 75,5%), додека намалување бележат доплатите по даночни биланси (намалување од 13,0%).

Приходите од царина беа остварени во износ од 4.718 милиони денари и забележаа зголемување од 9,1%. Приходите од други даноци со остварен износ од 418 милиони денари забележаа помало остварување за 19,1% во однос на минатата година.

Социјалните придонеси од плата се остварени во износ од 47.416 милиони денари, што претставува поголемо остварување за 5,1% споредено со истиот период од 2016 година, при што наплатата кај придонесите за пензиско осигурување е повисока за 5,1%, кај придонесите за вработување за 5,1% и кај придонесите за здравствено осигурување за 5,0%.

Неданочните приходи беа остварени во износ од 12.260 милиони денари и во однос на истиот период во 2016 година забележаа поголемо остварување од 4,5% (во овие приходи се приходите од профит од јавни институции, административни такси и глоби, концесии и др.).

Капиталните приходи реализирани по основ на продажба на градежно земјиште, станови и дивиденди се остварија во износ од 1.236 милиони денари, што претставува намалување од 34,4% во однос на истиот период претходната година.

Приходите од странски донации од меѓународна и билатерална соработка се остварија во износ од 4.531 милион денари, односно за 49,2% повеќе во однос на истиот период лани.

## Приходи по буџетски корисници

Буџетските приходи, односно приливот на средства во Централниот буџет се остваруваат главно преку Министерството за финансии – функции на државата и во периодот јануари-ноември 2017 година тие изнесуваат 123,3 милијарди денари, односно 91,8% од приходите на сите буџетски корисници, а претставуваат 80,9% од годишниот план на овој буџетски корисник.

Во рамки на Министерството за финансии – функции на државата преовладуваат даночните приходи кои претставуваат 75,2% од вкупните приходи и прилив на овој буџетски корисник, при што нивната наплата до ноември достигна 89,1% од

годишниот план. Приливот на средства по основ на домашно задолжување во овој период изнесува 19,7 милијарди денари, што претставува 16,0% од вкупниот износ на овој буџетски корисник.



Графикон 3.2. Структура на приходите на Министерството за финансии - функции на државата за I-XI 2017 година (во %); Извор: МФ

Следен буџетски корисник со најголеми приходи и прилив на средства е Министерството за образование и наука кое има остварено приходи во износ од 2,8 милијарди денари, односно 2,1% од приходите и приливот на средства на сите буџетски корисници и најголемиот дел од тој износ, односно 84,7% претставуваат неданочни приходи, главно по основ на такси и надоместоци. Министерството за транспорт и врски оствари приходи кои изнесуваат 2,1 милијарда денари, односно 1,6% од приходите и приливите на сите буџетски корисници, а претставуваат главно приходи од заеми, односно се остварени во вид на задолжување од странство. Останатите буџетски корисници збирно имаат остварено 4,5% од вкупните приходи и приливи. Деталните податоци за секој буџетски корисник се прикажани во статистичкиот прилог на следниот линк *(http://finance.gov.mk/mk/node/693)*.

Во однос на буџетските фондови, најмногу приходи остварува Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија, кои во периодот јануари-ноември 2017 година изнесуваа 59,0 милијарди денари и претставуваат 90,6% од годишниот план на Фондот.

## Буџетски расходи според економската класификација

Вкупните расходи на Буџетот во периодот јануари – ноември 2017 година изнесуваа 173.895 милиони денари, односно 27,6% од БДП, што е за 3,9% повеќе во однос на истиот период 2016 година.

Во структурата на реализираните вкупни расходи, тековните расходи во износ од 160.025 милиони денари учествуваа со 92,0% (25,4% од БДП) и се зголемени за 4,3% во однос на истиот период во 2016 година.

Платите и надоместоците беа реализирани во износ од 23.981 милион денари и нивното структурно учество во вкупните расходи на Буџетот изнесува 13,8% и во однос на 2016 година се зголемени за 1,0%.

Расходите за стоки и услуги изнесуваа 13.158 милиони денари и споредено со истиот период од 2016 година забележаа намалување од 9,0%.

Доминантно учество во тековните расходни ставки имаа трансферите кои изнесуваа 114.792 милиона денари (18,2% од БДП). Средствата за трансфери забележаа поголема реализација за 5,6% споредено со истиот период во 2016 година и истите учествуваа со 66,0% во вкупните расходи.




Средствата за социјални трансфери изнесуваа 86.292 милиона денари, забележаа раст од 6,1% и учествуваа со 49,6% во вкупните расходи. Трансферите кон Фондот на пензиското и инвалидското осигурување, кои зафаќаат најголем дел од социјалните трансфери, се реализирани во износ од 53.176 милиони денари, што е зголемување за 6,9% споредено со истиот единаестмесечен период од 2016 година и учествуваат со 30,6% во вкупните расходи. Учеството на категоријата други трансфери, кои ги вклучуваат трансферите кон единиците на локалната самоуправа, во вкупните расходи изнесува 15,4%, односно забележаа поголема реализација за 2,4%. Блок дотациите кон единиците за локална самоуправа во износ од 13.724 милиони денари забележаа зголемување од 1,2% во споредба со истиот период претходната година. Субвенциите и трансферите беа остварени за 2,8% повеќе.

Каматните расходи изнесуваат 8.094 милиони денари, што е за 25,4% повеќе во споредба со истиот период од 2016 година. Расходите за камати од домашно задолжување беа зголемени за 16,1%, додека каматите од странско задолжување беа зголемени за 30,6%.

Во анализираниот период, средствата за капитални расходи беа реализирани во износ од 13.870 милиони денари со структурно учество од 8,0% во вкупните расходи (2,2% учество во БДП), односно забележаа помала реализација за 0,3% во споредба со истиот период лани.

## Расходи по буџетски корисници

Во продолжение е даден осврт на буџетските расходи за најголемите буџетски корисници, чиј вкупен годишен буџет претставува 85% од вкупниот буџет на сите буџетски корисници.

Министерството за труд и социјална политика во периодот јануари – ноември 2017 година реализираше 38,5 милијарди денари или 91,0% од вкупниот буџет за 2017 година. Притоа, најголем дел (73,6%) од расходите во овој период се наменети за тековни трансфери до вонбуџетските фондови, за што се потрошени 28,3 милијарди денари или 91,3% од средствата наменети за 2017 година. Втора најзначајна расходна ставка се социјалните бенефиции, кои учествуваат со 19,0%

во вкупните расходи. За оваа намена реализирани се 91,5% (7,3 милијарди денари) од планираните за 2017 година.

Во периодот јануари – ноември 2017 година преку разделот Министерство за финансии - функции на држава[1] реализирани се 33,5 милијарди денари, што претставува 84,8% од годишниот буџет. Најголем дел од расходите или 51,0% отпаѓаат на отплата на главнина, за што во периодот јануари – ноември 2017 година се потрошени 17,1 милијарда денари, односно 94,0% од средствата планирани за оваа намена во 2017 година. По основ на каматни плаќања отпаѓаат 24,1% од вкупните расходи, за што се реализирани 8,1 милијарда денари или 101,1% од планираното. Трета најзначајна ставка со учество од 13,3% се капиталните расходи, за што се потрошени 4,5 милијарди денари или 51,4% од годишниот план.

Графикон 3.4. Структура на расходите по буџетски корисници за I-XI 2017 година (во %); Извор : МФ




Министерство за образование и наука во периодот јануари – ноември 2017 година изврши буџетски средства во износ од 19,7 милијарди денари, што е 82,7% од вкупниот буџет за 2017 година. Најголем дел од расходите (60,6%) претставуваат тековни трансфери до ЕЛС, за што се потрошени 11,9 милијарди денари или 91,7% од вкупно планираните средства. Плати и надоместоци се втора најзначајна ставка со учество од 15,3%, за што се потрошени 3,0 милијарди денари, односно 89,9% од вкупно предвидените. За стоки и услуги (кои учествуваат со 13,9% во вкупните расходи) се реализирани 2,7 милијарди денари, што претставува 63,0% од вкупно предвидените средства за тековната година.

Во периодот јануари – ноември 2017 година од страна на Министерството за внатрешни работи реализирани се вкупно 9,0 милијарди денари, што претставува 87,6% од сопствениот буџет за 2017 година. Најзначајна расходна ставка претставуваат плати и надоместоци со учество од 73,1%, за што се потрошени 6,6 милијарди денари или 90,8% од планираното. Втора најзначајна ставка се стоки и услуги со учество од 16,4%, за што се реализирани 1,5 милијарди денари или 85,9% од годишниот план.

Во првите единаесет месеци од 2017 година Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој реализираше средства во износ од 6,8

[1] Во рамките на разделот *функции на држава* опфатени се следниве активности: навремено сервисирање на обврските (отплата на камата и главнина) на државата по основ на домашно и странско задолжување; редовна исплата на оперативните трошоци на државата по претходно доставена документација за исплата; учество во капиталот на меѓународни финансиски институции; плаќање ДДВ по основ на капитални инвестиции финансирани од донации, финансирање на проектите од поодделните компоненти од ИПА (национално кофинансирање и ИПА средства од ЕУ). Исто така, во рамките на овој раздел, а согласно со Законот за буџетите на Република Македонија и Законот за извршување на Буџетот, предвидени се средства за покривање елементарни непогоди и средства за финансирање на непредвидените расходи во текот на фискалната година.

милијарди денари, што претставува 81,9% од планираните средства за тековната година. Најзначајна расходна ставка претставува субвенции и трансфери (со учество од 86,1%), за што во анализираниот период се извршени 5,9 милијарди денари или 87,1% од планираното. Капиталните расходи учествуваат со 12,7% во вкупните расходи, за што во периодот јануари – ноември 2017 година се реализирани 861 милион денари или 57,8% од годишниот план.

Министерство за здравство во првите единаесет месеци од годината реализираше буџетски средства во износ од 4,9 милијарди денари, што е 82,3% од вкупниот буџет за 2017 година. Тековните трансфери до вонбуџетските фондови имаат најголемо учество во расходите со 49,3%, за што во првите единаесет месеци се потрошени 2,4 милијарди денари или 100,0% од средствата наменети за 2017 година. Стоките и услугите се втора најзначајна ставка со учество од 31,0% во вкупните расходи, а во анализираниот период за оваа намена се потрошени 1,5 милијарди денари, односно 80,0% од вкупно предвидените. Реализацијата на капиталните расходи (кои учествуваат со 17,7% во вкупните расходи) изнесува 57,6% односно извршени се 861 милион денари.

Министерство за одбрана во периодот јануари – ноември 2017 година изврши буџетски средства во износ од 4,7 милијарди денари, што е 84,0% од вкупниот буџет за 2017 година. Платите и надоместоците имаат најголемо учество со 68,8%, за што во првите единаесет месеци се реализирани 3,2 милијарди денари, што претставува 91,5% од вкупно предвидените средства за тековната година. Стоките и услугите учествуваат со 25,1% во вкупните расходи, за што во анализираниот период се потрошени 1,2 милијарди денари, односно 86,4% од вкупно предвидените.

Министерство за транспорт и врски во периодот јануари – ноември 2017 година реализираше средства во износ од 3,4 милијарди денари, што е 78,8% од вкупниот буџет за 2017 година. Капиталните расходи имаат највисоко учество во вкупните расходи со 79,3%, а нивната реализација во првите единаесет месеци изнесува 78,0% односно извршени се 2,7 милијарди денари.

За Финансирање на дејностите од областа на културата[2] во периодот јануари – ноември 2017 година извршени се средства во износ од 3,4 милијарди денари, што е 69,7% од вкупниот буџет за 2017 година. Капиталните расходи имаат највисоко учество во вкупните расходи со 31,2%, а нивната реализација во првите единаесет месеци изнесува 51,1% односно извршени се 1,1 милијарда денари. Субвенциите и трансферите учествуваат со 30,2%, а за оваа намена реализирана е 1,0 милијарда денари или 78,7% од планираното. За плати и надоместоци реализирани се 952 милиона денари, што претставува 91,4% од вкупно предвидените средства за тековната година, а оваа ставка претставува 27,9% од вкупните расходи. Деталните

[2] Со финансирањето на дејностите од областа на културата се поддржуваат програмите на установите од областа на културата во издавачката дејност, библиотекарството, филмската дејност, музичката и сценско-уметничката дејност, заштитата на културното наследство, ликовната и галериската дејност, културно-уметничките манифестации, музејската и кинотечната дејност, меѓународната соработка од областа на културата, поддршката на младите таленти, организациите од областа на културата, децентрализацијата на власта и поинтензивно реализирање на капиталните проекти.

податоци за секој буџетски корисник се прикажани во статистичкиот прилог на следниот линк (*http://finance.gov.mk/mk/node/693*).

## Буџетско салдо

Во периодот јануари – ноември 2017 година остварен е дефицит во Буџетот на Република Македонија од 13.184 милиони денари, што претставува 2,1% од БДП, додека дефицитот на Централниот буџет е остварен во износ од 11.786 милиони денари и претставува 1,9% од БДП.

# 4. СОЦИЈАЛЕН СЕКТОР

## Нововработени и регистрирани невработени лица во АВРМ

Во периодот јануари – ноември 2017 година во Агенцијата за вработување на Република Македонија регистрирани се вкупно 169.898 нови засновани работни односи. Вкупниот број нововработени во овој период е повисок за 0,5% во однос на истиот период од 2016 година.

Графикон 4.1. Преглед на невработени лица во АВРМ




Од вкупниот број нововработени, 41,4% се вработени на неопределено време, додека останатиот дел се вработени на определено време и за вршење сезонски работи. Од вкупниот број засновани нови работни односи во ноември 2017 година 18,5% се од евиденцијата на невработени.

Графикон 4.2 Преглед на новите вработувања; Извор: АВРМ




Вкупниот број невработени лица изнесува 192.315, од кои 102.234 се активни баратели на работа, а 90.081 се останати невработени лица. Во однос на истиот месец претходната година, вкупниот број невработени лица е намален за 4,0%.

Најголем дел од невработените лица (67,0%) се градско население, а според половата структура 58,5% се мажи. Според степенот на образование, поголемиот

дел, односно 57,4% од невработените се со непотполно средно образование или помалку, 28,3% се со завршено средно образование, додека 14,3% имаат вишо или повисоко ниво на образование.

По возрасни групи, најголемиот дел или 48,5% од невработените припаѓаат на возрасната група 25-49 години. Според времето на чекање на вработување, 50,3% од невработените лица чекаат вработување од 1 до 7 години, додека 8,7% чекаат 8 и повеќе години.

## Плати

Просечната номинална нето - плата во октомври 2017 година оствари годишен раст од 4,0%, а во однос на претходниот месец е повисока за 0,5%. Најголем раст на просечната нето - плата се забележува во следните сектори: Уметност, забава и рекреација (29,3%), Рударство и вадење камен (10,5%) и Преработувачка индустрија (7,9%). Реалните плати во октомври забележаа годишен раст од 2,1%.




Просечната номинална бруто - плата во октомври 2017 година оствари годишен раст од 3,8%, а во однос на претходниот месец е повисока за 0,4%. Најистакнат раст на просечната бруто - плата се забележува во следните сектори: Уметност, забава и рекреација (23,6%), Рударство и вадење камен (10,7%) и Преработувачка индустрија (8,1%). Реалната бруто - плата забележа годишен раст од 1,8%.




Процентот на вработени што не примиле плата во октомври 2017 година изнесува 1,6% и е за 0,5 п.п. повисок во однос на истиот месец претходната година, а за 0,6 п.п. повисок во однос на септември 2017 година.

## Пензии

Во ноември 2017 година во Фондот на пензиското и инвалидското осигурување евидентирани се 308.942 пензионера, што претставува зголемување од 1,6% во однос на истиот период минатата година. На месечно ниво, бројот на корисници на

пензија е повисок за 1.444 лица. Од вкупниот број пензионери, 63,5% се корисници на старосна пензија, 24,6% се корисници на семејна пензија и 12,0% се корисници на инвалидска пензија.

Просечната пензија во ноември 2017 година изнесува 13.913 денари и е за 1,5% повисока во однос на истиот месец минатата година. Соодносот на просечната пензија со просечната исплатена плата во октомври 2017 година (последни расположливи податоци) изнесува 59,6%.

Графикон 4.5 Вкупен број на пензионери и просечна исплата на пензии; Извор: ФПИОМ




Просечната старосна пензија во ноември изнесува 15.214 денари, просечната инвалидска пензија 12.630 денари, а просечната семејна пензија 11.177 денари. За исплата на пензиите во ноември 2017 година се потрошени 4.225,05 милиони денари, што претставува 52,6% од вкупните социјални трансфери.

# *5. МОНЕТАРЕН СЕКТОР*

Во ноември 2017 година, Народна банка на Република Македонија ја задржа основната каматна стапка на 3,25%, како резултат на постојаното стабилизирање на очекувањата и на довербата на економските субјекти, како и на растот на структурната ликвидност на банкарскиот сектор.

Графикон 5.1. Валутна структура на депозити и кредити во ноември 2017 година; Извор: НБРМ




Каматната стапка на расположливите депозити на 7 дена остана непроменета во однос на минатиот месец и изнесува 0,5%.

## Примарни пари

Во ноември 2017 година, примарните пари[3] регистрираа раст од 6,1% на годишна основа, во услови на раст на готовите пари во оптек и вкупните ликвидни средства на банките од 6,8% и 5,4%, соодветно.

[3]Примарните пари се пресметани како збир од готовите пари во оптек (вклучително и готовината во благајна), задолжителната резерва во денари и во девизи и вишокот ликвидни средства над обврската за задолжителна резерва (во денари).

На месечно ниво, примарните пари регистрираа пад од 3,2%, како резултат на намалувањето на вкупните ликвидни средства на банките и готовите пари во оптек за 4,1% и 2,3%, соодветно.

## Депозитен потенцијал

Во ноември 2017 година, вкупните депозити на банките регистрираа раст од 0,9% на месечно ниво. Секторската анализа укажува дека споредено со претходниот месец, депозитите на приватните претпријатија се зголемија за 1,5%, а депозитите на домаќинствата регистрираа раст од 0,6%.

Од аспект на валутата, во ноември 2017 година споредено со претходниот месец депозитите во домашна валута се зголемија за 1,0%, додека депозитите во странска валута регистрираа раст од 0,7%.

Вкупниот депозитен потенцијал во ноември 2017 година оствари раст од 5,7% на годишна основа. Анализирано според валутата депозитите во домашна валута и депозитите во странска валута се зголемија за 6,5% и 4,6%, соодветно.

Од аспект на секторот, на годишно ниво депозитите на претпријатијата овој месец бележат раст од 2,9%, а депозитите на домаќинствата се зголемија за 5,4%.

Според рочноста, на годишно ниво краткорочните депозити се зголемија за 0,3%, а долгорочните депозити регистрираа зголемување од 8,8%.

Валутната структура на депозитите и понатаму е стабилна, при што депозитите во домашна валута имаат поголемо учество во депозитната база кое изнесува 58,5%.

Табела 5.1. Депозитен потенцијал и кредити на приватен сектор;

| **Депозитен потенцијал и кредити на приватен сектор (ноември 2017 година)** | **Во милиони денари** | **Месечна промена** | **Годишна промена** |
|---|---|---|---|
| | | | |
| **Депозитен потенцијал** | **327.153** | **0,9%** | **5,7%** |
| Денари | *191.353* | 1,0% | 6,5% |
| Странска валута | *135.799* | 0,7% | 4,6% |
| Краткорочни | *150.115* | 0,2% | 0,3% |
| Долгорочни | *92.459* | 1,2% | 8,8% |
| | | | |
| **Кредити на приватен сектор** | **289912** | **0,9%** | **5,6%** |
| Денари | *242.688* | 1,2% | 7,6% |
| Странска валута | *47.225* | -0,5% | -3,8% |
| Краткорочни | *60.234* | -1,9% | -0,5% |
| Долгорочни | *208.241* | 1,2% | 7,7% |
| Сомнителни и спорни побарувања | *19.974* | 7,3% | 3,3% |

Извор: НБРМ

## Кредити на банките

Во ноември 2017 година вкупните кредити на банките кон приватниот сектор се зголемија за 0,9% во споредба со минатиот месец. Секторската анализа укажува дека во ноември кредитите кон претпријатијата се зголемија за 0,8%, а кредитите кон домаќинствата регистрираа раст од 1,0%. Од аспект на валутата, во ноември 2017 година, на месечно ниво денарските кредити регистрираа раст од 1,2%, додека девизните кредити регистрираа пад од 0,5%.

Графикон 5.2. Стапки на раст на депозити и кредити (м/м-12); Извор: НБРМ




На годишна основа, во ноември 2017 година вкупните кредити се зголемија за 5,6%, во услови на раст на кредитите на домаќинствата за 9,7% и раст на кредитите кон претпријатијата за 1,8%. Кредитите во домашна валута се зголемија за 7,6%, додека кредитите во странска валута регистрираа пад од 3,8%.

Од аспект на рочноста, долгорочните кредити бележат годишен раст од 7,7%, а краткорочните кредити се намалија за 0,5%.

## Каматни стапки на депозитни банки

Во ноември 2017 година, вкупната каматна стапка на кредитите се намали за 0,1 п.п. споредено со претходниот месец и изнесува 5,8%. Каматната стапка на денарските кредити се намали за 0,1 п.п. на месечно ниво и изнесува 6,0%, додека каматната стапка на девизните кредити остана непроменета и изнесува 4,8%.

Вкупната каматна стапка на депозитите во ноември изнесува 1,5% и е непроменета во однос на минатиот месец. Каматните стапки на денарските и девизните депозити останаа непроменети во споредба со минатиот месец и изнесуваат 2,2% и 0,8%, соодветно.

Графикон 5.3. Каматни стапки на депозитни банки, ноември 2017 година; Извор:НБРМ




## Пазар на капитал

На пазарот на капитал, во ноември 2017 година вкупниот промет на берзата регистрираше раст од 52,7% на месечно ниво, како резултат на зголемувањето на

прометот од блок трансакциите за 1,2 пати (117,6%), додека прометот од класичното тргување се намали за 31,9%.

Вкупниот промет на берзата во ноември 2017 година изнесуваше 756 милиони денари и истиот е зголемен за 72,1% на годишно ниво. Македонскиот берзански индекс МБИ-10 на крајот на ноември 2017 година изнесуваше 2.543,55 индексни поени, при што на месечно ниво индексот е намален за 3,0%, а во однос на истиот месец претходната година е повисок за 15,3%.

Графикон 5.4. Вкупен промет на берза и МБИ 10; Извор: Македонска берза




## Девизни резерви

Бруто девизните резерви на крајот на ноември 2017 година изнесуваа 2.273,6 милиони евра и во однос на претходниот месец се намалени за 27,3 милиони евра, додека во однос на ноември 2016 година се намалени за 277,7 милиони евра.

Министерство за финансии
Сектор за макроекономска политика
„Даме Груев“ бр. 12, 1000 Скопје
http://www.finance.gov.mk/mk
http://www.finance.gov.mk/mk/node/693